# ИСПИТНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

# БИЗНИС

ДРЖАВНА МАТУРА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2007

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
СЕКТОР ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**ИСПИТНА ПРОГРАМА**

# БИЗНИС

**ДРЖАВНА МАТУРА**
**ВО СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Испитната програма по **бизнис** за државна матура во средното стручно образование е донесена со решение на министерот за образование и наука во ноември, 2007 година.

# 1. ВОВЕД

Со реформата на средното стручно образование и обука во Република Македонија и новите наставни планови и програми, воведени се новини кои резултираат со промени во начинот на следење и оценување на постигањата на учениците и дефинирање на **Концепција за матура и за завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Република Македонија**.

Основната цел на овие испити е:

- подигање на квалитетот на средното стручно образование и обука;
- следење и контрола на реализацијата на наставните програми (засновани на образовните стандарди на државно ниво);
- стекнување диплома за завршено средно стручно образование (сертификација);
- селекција за универзитетско образование (за учениците кои го полагаат предметот во државна матура) и постсредно стручно образование (за учениците кои го полагаат предметот во завршен испит);
- информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигањата на учениците добиени преку валидни и веродостојни мерења.

**Согласно Концепцијата за матура и и за завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Република Македонија, предметот бизнис спаѓа во листата на наставни предмети за полагање на државна матура во средното стручно образование што се реализира според новите наставни планови и програми.**

Испитот за предметот **бизнис** се спроведува на крајот од четиригодишното стручно образование и обука од економско-правната и трговската струка, здравствената, угостителско-туристичката, градежно-геодетската, сообраќајната, електротехничката, машинската, земјоделско-ветеринарната, текстилната, графичката и производно-процесната струка.

Испитната програма се темели на избрани програмски подрачја од наставните програми по предметот **бизнис** од III и IV година за сите струки. За економско-правната и трговската струка програмските подрачја се содржани во наставните програми по предметот **бизнис** од III и IV година и во **основи на бизнисот** од I и II година.

Испитната програма содржи:

1. Вовед
2. Општа цел на испитот
3. Содржина на испитот
4. Спецификациска мрежа на испитот
5. Опис на испитот
6. Начин на оценување.

## 2. ОПШТА ЦЕЛ НА ИСПИТОТ

Целта на испитот по предметот **бизнис** е да се провери:

- дали ученикот има стекнато знаења и способности кои ќе му овозможат успешно да го продолжи своето образование во постсредното образование;
- колкаво е нивото на подготвеноста на ученикот од областа на бизнисот за успешно да се вклучи во процесот на работата;
- колку е оспособен ученикот да го применува стекнатото знаење и способностите во секојдневниот живот.

За да може да постигне успех на испитот по предметот **бизнис** ученикот треба:

- да ја разбира суштината на бизнисот;
- да ги дефинира основните економски категории и принципи на работењето;
- да ги објаснува факторите на окружувањето;
- да го сфаќа значењето на средствата во работењето;
- да го објаснува влијанието на трошоците врз резултатите од работењето;
- да ја образложува суштината на маркетинг миксот;
- да ја објаснува улогата и функциите на менаџментот во бизнисот;
- да ја разбира суштината, содржината и значењето на бизнис планот;
- да развива чувство за професионална ориентација и напредување во кариерата.

# 3. СОДРЖИНА НА ИСПИТОТ

## 3.1. Спецификација на подрачјата (содржините) и способностите

Во оваа програма се опфатени содржините од предметот **бизнис** кои се значајни за заокружување на четири-годишното стручно образование. Тие содржини се групирани во следните подрачја:

- **П1 - Карактерот на бизнисот**
- **П2 - Економика на бизнисот**
- **П3 - Маркетинг и бизнис**
- **П4 - Управување со бизнисот**
- **П5 - Бизнис план**

За да може успешно да ги одговори дадените испитни задачи ученикот треба да ги поседува следните групи на способности:

- **С1 - да знае поими, појави, процеси, категории, закони, теории** (дефинира, препознава, идентификува, објаснува економски поими, појави, процеси, категории, закони, теории);
- **С2 - да ги користи поимите, фактите и категориите** (познава, класифицира, претставува, разликува, формулира);
- **С3 - логично да размислува и расудува при донесувањето на одлуки** (анализира, систематизира, поврзува, генерализира, решава проблеми и образложува).

## 3.2. Конкретизација на целите (знаења и способности) по подрачја

Во овој дел се утврдени конкретните знаења и способности за одделните содржини на програмата распоредени по подрачја:

| ПОДРАЧЈЕ 1: КАРАКТЕРОТ НА БИЗНИСОТ | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| **1. Карактерот на бизнисот**<br>**2. Бизнисот и окружувањето**<br>**3. Претприемништво** | Ученикот треба:<br>- да го дефинира поимот бизнис;<br>- да ги идентификува основните економски поими и принципи на работењето;<br>- да го разбира заемното влијание на бизнисот и окружувањето;<br>- да ги познава условите за создавање на бизнис;<br>- да ги разликува подрачјата на делување на бизнисот;<br>- да ја разбира суштината на претприемништвото;<br>- да ги разликува карактеристиките на претприемачот. |

| ПОДРАЧЈЕ 2: ЕКОНОМИКА НА БИЗНИСОТ | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| **1. Средства**<br>**2. Трошоци**<br>**3. Цени**<br>**4. Калкулација**<br>**5. Резултати од работењето**<br>**6. Финансирање на работењето** | Ученикот треба:<br>- да го сфаќа значењето на средствата;<br>- да ги класифицира видовите на средства;<br>- да го дефинира поимот трошок;<br>- да ги разликува видовите трошоци;<br>- да го разбира начинот на формирање на цените;<br>- да изготвува калкулација;<br>- да ги анализира резултатите од работењето;<br>- да ги разликува изворите и начините на финансирање на бизнисот. |

| ПОДРАЧЈЕ 3: МАРКЕТИНГ И БИЗНИС | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| 1. **Производ и услуга**<br>2. **Продажна цена**<br>3. **Промоција**<br>4. **Дистрибуција** | Ученикот треба:<br>- да го сфаќа значењето на маркетинг миксот за бизнисот;<br>- да ги разликува потребите на луѓето за производи и услуги;<br>- да ја разбира потребата од истражување на пазарот;<br>- да ги разликува видовите цени;<br>- да ги објаснува облиците на промоција;<br>- да го сфаќа значењето на промоцијата како инструмент на маркетингот;<br>- да ја објаснува улогата на дистрибуцијата;<br>- да ги разликува каналите на дистрибуција. |

| ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ СО БИЗНИСОТ | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| 1. **Менаџмент и бизнис**<br>2. **Планирање**<br>3. **Организирање**<br>4. **Раководење**<br>5. **Мотивирање**<br>6. **Контролирање** | Ученикот треба:<br>- да го дефинира поимот менаџмент;<br>- да ги идентификува функциите на менаџментот;<br>- да ги разликува нивоата на менаџментот;<br>- да го објаснува значењето на планирањето како главна менаџмент функција;<br>- да ги објаснува принципите на организирање;<br>- да ги разликува стиловите на раководење;<br>- да го сфаќа значењето на мотивацијата;<br>- да ја објаснува контролата како функција на менаџментот. |

| ПОДРАЧЈЕ 5: БИЗНИС И ПЛАН | |
|---|---|
| ***Содржина*** | ***Знаења и способности*** |
| **1. Бизнис планот - основа за претприемачка активност** | Ученикот треба:<br>- да го дефинира поимот бизнис план;<br>- да ја разбира суштината и значењето на бизнис планот;<br>- да ја определува содржината на бизнис планот;<br>- да ја разбира постапката на изработка на бизнис план;<br>- да ги идентификува предусловите за изработка на бизнис план;<br>- да ја разбира SWOT матрицата. |

## 4. СПЕЦИФИКАЦИСКА МРЕЖА НА ИСПИТОТ

Во следната шема е дадена процентуалната застапеност на подрачјата (темите) и способностите во тестот по бизнис. Бројот на испитните прашања од секое подрачје, кои вклучуваат и одредена група способности, ќе биде соодветен на нивната процентуална застапеност во однос на вкупниот број испитни задачи кои ќе ги содржи тестот.

| **ПОДРАЧЈА** | **СПОСОБНОСТИ** | | | **ЗАСТАПЕНОСТ (%)** |
|---|---|---|---|---|
| | **С1** | **С2** | **С3** | |
| **П1** | | | | 10-15% |
| **П2** | | | | 15-20% |
| **П3** | | | | 15-20% |
| **П4** | | | | 10-15% |
| **П5** | | | | 20-30% |
| **ЗАСТАПЕНОСТ (%)** | **40 - 50%** | **30 - 40%** | **5 - 10%** | **100%** |

**С1 - Знаење и разбирање**
**С2 - Примена на знаењата**
**С3 - Анализа и евалвација**

**П1 - Карактерот на бизнисот**
**П2 - Економика на бизнисот**
**П3 - Маркетинг и бизнис**
**П4 - Управување со бизнисот**
**П5 - Бизнис план**

## 5. ОПИС НА ИСПИТОТ

Испитот по предметот **бизнис** е писмен и се состои во решавање тест.

Времетраењето на  испитот е 120 минути и се спроведува без пауза.

Тестот ќе содржи околу 40 испитни задачи.

Во тестот се застапени испитни задачи од отворен и од затворен тип:
- задачи во кои ученикот треба да избере еден точен од понудените одговори;
- задачи  во кои треба на означеното место да запише краток одговор;
- задачи во кои ученикот треба да дефинира, објасни, образложи или да донесе некое решение и сл.

## 6. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Вкупниот број бодови што можат да се освојат на испитот е околу **100.**

Прашања со повеќекратен избор (околу 10): Точниот одговор на задачите во кои се бара ученикот да избере еден од одговорите што се понудени се оценува со 1 бод.  Доколку точно ги реши сите задачи од овој тип, ученикот може да освои околу **10 бода**.

Прашања со директен кус одговор (околу 15): Точниот одговор во задачите на кои се бара директен кус одговор (со еден или неколку зборови) се оценува до 2 бода за точен термин. Со точното решавање на ваквите задачи ученикот може да освои околу **30 бода**.

Прашања со кус одговор во форма на решение или образложение (околу 15):  Задачите на кои се бара целосно решавање на некоја задача (проблемска ситуација) или да се даде одговор од неколку реченици на поставено прашање се оценуваат така што одделно се оценува точното решавање во секоја фаза од одговарањето на барањата на задачата. Овие задачи се оценуваат со 4 бода. На ваквите задачи ученикот може да освои  **околу 60 бода**.